Точка на дневен ред: **14**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

### Предлог- одлука за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната

**Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје**

Во прилог:
- Предлог-одлука за именување на господин Алеш Ипавец за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

Скопје, мај 2025 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.05.2025 година, ја донесе следната

### Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

1. За член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка Скопје се именува:

   - Господин Алеш Ипавец, со број на пасош: PB 1706742, со живеалиште на ул. Мачковци бр. 035, Домжале, Република Словенија, регионален директор за Република Северна Македонија при Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.
   Мандатот на членот започнува од 13.09.2025 година.

3. Се овластува Адвокатската канцеларија Радојчиќ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Народната банка на Република Северна Македонија за именување на членот на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 29.05.2025 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Народна банка на Република Северна Македонија
Трговски регистар

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Потребата за именување нов член на Надзорниот одбор се остварува поради истек на мандатот од функцијата член на Надзорниот одбор на господин Боштјан Ковач на ден 12.09.2025 година.

Исто така, согласно со Политиката за оценка на адекватноста на носителите на клучни функции на НЛБ Банка и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка, спроведена е позитивна оценка на соодветноста на Алеш Ипавец за избор на член на Надзорниот одбор на Банката (индивидуална и колективна оцена).

Согласно со Законот за банки и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, за именување на член на Надзорниот одбор, потребна е претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија. Оваа одлука ќе стапи на сила по добивањето согласност од НБРСМ за господин Алеш Ипавец за член на Надзорниот одбор.



# М-р Алеш Ипавец

Мачковци 35, 1230 Домжале, Словенија
Тел: +386 41 545 226, е-пошта:
alesipavec@gmail.com

## ПРОФИЛ

Одговорен извршен директор фокусиран на постигнување резултати, опремен со робустно лидерство, менаџерски, организациски, продажни, комуникациски и аналитички способности. Проактивен и желен за преземање нови предизвици, се стремам кон средина на соработка, генерирање на иновативни идеи, донесување непоколебливи одлуки и спремен за прилагодување на промени. Активно барам ново знаење и вредности за размена на искуства со другите.

## ДОСТИГНУВАЊА (КРАТКО РЕЗИМЕ)

- Стабилизирање на тогаш слабата работа на Љубљанската берза (ЉСЕ), проследена со осум профитабилни години, додека бројот на вработени се зголеми за 40%
- лансирање на нова платформа, имплементирање на нови производи и комплетно обновен корпоративен идентитет на ЉСЕ
- Донесени креатори на пазарот и покриеност на сите главни берзи и аранжирање на првите листинзи на комерцијални документи и обврзници со приватни компании на ЉСЕ
- Поставување на канали за дигитална продажба и маркетинг и воведување на програма за целосна обука за нашите малопродажни и корпоративни партнери
- Како резултат на тоа, просечниот дневен обрт речиси двојно се зголеми во изминатите осум години
- Изградба на оддел за трезорска продажба од нула, кој за четири години дојде во топ 3 (од 18 банки во Словенија во тоа време)
- Воспоставување и водство на спортски и културни асоцијации што доживеале брз раст, проширување на нивното членство од основање до 650 членови за краток временски период
- Како претседател на АЦИ Форекс Словенија, осигурав комплетно реструктурирање и регионална интеграција на здружението и следствено успеав негативниот тренд на членство да го претворам во позитивен

## ОБРАЗОВАНИЕ

| | |
|---|---|
| Магистер, Финансиски програм, Економски факултет, Универзитет на Љубљана | 2004 - 2008 |
| Дипломиран економист - Финансиски програм, Економски факултет, Универзитет на Љубљана | 1998 - 2003 |
| Средно школо, економски, Нова Горица | 1994 - 1998 |

## КАРИЕРА

2024 - сега НЛБ д.д.
Најголемата банка во Словенија

МЕНАЏЕР НА ЗЕМЈА ВО НЛБ ГРУПАЦИЈАТА ОДГОВОРЕН ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Цели:

- Учество во подготовка на развојната стратегија на НЛБ Групацијата,
- Учество во одредувањето на политиките и другите рамки за управување и надзор на НЛБ групацијата,
- Спроведување на корпоративна власт и надзор на НЛБ Групацијата на ниво на индивидуални земји,
- Координација и прифаќање на стратешки проекти кај членовите на НЛБ групацијата на ниво на индивидуални земји,
- Извршување на најизискателни професионални задачи во рамките на организационата единица,
- Координација и водство на тимови,
- Предлагање и/или спроведување на подобрувања,
- Менторство и пренос на знаење,
- Координација, надзор и управување со работните процеси,
- Учество во проект и работни групи,

2016-2024 Љубљанска берза д.д., Љубљана
Главна берза во Словенија

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР
Цели:

- Осигурување на стабилна работа на компанијата и усогласување со регулаторните барања
- Предводење на растот на ЉСЕ, зајакнување на нејзината компетитивност и придонес кон развојот на Словенечкиот пазар на капитал
- Развој и проширување на пазарот на ЉСЕ со привлекување нови листинзи
- Градење доверба на инвеститорот преку осигурување транспарентност и ефикасност на пазарните операции
- Прифаќање на технолошкиот напредок и олеснување на иновациите
- Едукација на релевантните фактори за бенефициите од пазарот на капитал и олеснување на финансиската писменост

Одговорности:

- Одговорен за поставување на целокупните стратешки насоки и визијата на ЉСЕ
- Надзор на секојдневните операции на размена, вклучително и управување со различните оддели во организацијата (продажба, бизнис развој, финансии и ЧР)
- Одговорен за сите главни релевантни фактори, вклучително и наведени компании, членови, инвеститори, регулаторни власти, владини агенции и индустриски асоцијации.
- Одговорен за финансиски надзор, вклучително и буџетирање, финансиско планирање и пренамена на ресурси.
- Одговорен за идентификација и стекнување можности за бизнис експанзија, диверзификација и иновации

Достигнувања:
- Удвоен просечниот дневен обрт (989 ил. ЕВРА во 2017 г. На 1,86М ЕВРА во 2024 г. годишно)
- Воспоставени нови производи (ЕТФ, комерцијални документи, корпоративни обврзници)
- Уредување на креатори на пазарот, покривни програми за сите главни акции
- Воведени инвеститорски конференции на интернет и едукативни платформи за малопродажни и корпоративни клиенти
- Воспоставување и развој на нови канали за маркетинг и продажба кои резултираат со над десеткратно зголемување на бројот на претплатници и посетители на нашите настани во живо и на интернет

2010-2016 Хипо Алпе-Адриа Банк д.д.
Словенечка филијала на една од најголемите банкарски групации во регионот

ДИРЕКТОР НА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА, ТРЕЗОРСКА ПРОДАЖБА, ИНВЕСТИЦИСКО БАНКАРСТВО И АЛМ

Цели:
- Развој на сеопфатни финансиски планови и буџети изедначени со стратешките цели на банката и регулаторните барања
- Спроведување на редовна анализа на успешност за пристап во финансиското здравје, профитабилност и ефикасност на банката
- Зајакнување на профитабилноста на банката преку финансиски пазарни операции за генерирање приход преку трговски активности, инвестиции и обезбедување на финансиски производи за клиентите
- Градење и одржување на силни врски со институционалните клиенти, корпорации и други учесници на пазарот е витално за финансискиот пазарен бизнис на банката

Одговорности:
- осговорен за активата и управувањето со ликвидноста на банката
- одговорен за финансиско и продажно контролирање, планирање и известување
- одговорен за анализа на врвниот менаџмент и поддршка на Управниот одбор
- оптимизација на трошоците, извештаи во пресметките на профитабилноста
- Раководител на ликвидната комисија - LICO
- Член на сите главни комисии (MACO, ALCO, INCO и RECO)
- одговорен за трезор, инвестициско банкарство и тековите на управување со приходот за средства
- Одговорен за фиксниот приход, спојување и преземање, реструктурирање, итн.

Достигнувања:
- Обезбедување усогласеност со релевантните регулаторни барања
- Оптимизирање на финансиските пазарни операции на банката за зајакнување на ефикасноста, намалување на трошоци и подобрување на целокупната продуктивност
- Проширување на присуството на банката и пазарното учество во тезорска продажба и инвестициско банкарство
- Постигнување на раст на приходот преку ефикасно менаџирање на финансиските пазарни активности на банката, оптимизација на трговските стратегии и капитализирање на пазарните можности при ублажување на ризиците

2006-2010 Хипо Алпе-Адриа Банк д.д.
Словенечка филијала на една од најголемите банкарски групации во регионот
РАКОВОДИТЕЛ НА ТРЕЗОР

2004 -2006 Абанка Випа д.д.
Трета најголемата банка во Словенија
РАЗВОЈ ЗА ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ

## ЛИЧНИ ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ

Јазици: Англиски (активно С2), спрски и хрватски (активно С2),

италијански (активно С1) Компјутерски вештини: Word, Excel, Power Point

Лични вештини: ентузијаст, визионер, ориентиран кон цел, решавање на проблеми, донесување одлуки, флексибилен

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Датум на раѓање: 10 јануари 1979 г.

Националност: Словенец
Членство: Асоцијација на менаџери на Словенија, АЦИ Словенија, Бизнис ангели, Словенечка асоцијација на директори

Интереси:

- Семејство (уживам во времето поминато со двата сина, 9 и 12 годишни)
- Спорт (велосипедизам, скијање)
- Музика (свирење саксофон)
- Патување во далечни земји со семејството

Потврдувам дека правилно го извршив преводот на документот од англиски на македонски јазик
Скопје, 25.3.2025 г.
Преведувач
**Јана Мелоска Петрова**
Број: 57/25

By my seal and signature, I hereby confirm that this is a true translation of the original document from English to Macedonian
Skopje, 3/25/2025
Sworn Translator
**Jana Meloska Petrova**
No. 57/25

ПОСТОЈАН СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ НА АНГЛИСКИ И ШПАНСКИ ЈАЗИК ЗАВЕРЕНО ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈАНА МЕЛОСКА ПЕТРОВА СКОПЈЕ

**ФОРМУЛАР-FORM**

За потребни податоци за кандидат за избор на член на Надзорен одбор/ For the necessary information for a candidate for appointment as a member of the Supervisory Board:

| | |
|---|---|
| Име и презиме/ Name and Surname | **Aleš Ipavec** |
| Број на акции што ги поседува во НЛБ Банка АД Скопје/ Number of shares held in NLB Banka AD Skopje | **0** |
| Број на акции што ги поседува во други друштва/ Number of shares held in other legal entity | **0** |
| Заеми и други обврски што ги има кон НЛБ Банка АД Скопје/ Loans and other obligations towards NLB Banka AD Skopje | **0** |
| Судир на интереси со НЛБ Банка АД Скопје/ Conflict of interest with NLB Banka AD Skopje | **No.** |

Под полна материјална и кривична одговорност ги потврдувам податоците запишани во овој формулар/ Under full material and criminal responsibility I confirm the data written in this form.

8. 1. 2025

(потпис на канидатот/signature of the candidate)